# Службен Гласник
## на Општина Струмица

| Број 21 | Вторник , 27 ноември 2007 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Општинска изборна комисија - Струмица:**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 170. | Резултати од референдумот за само-придонес одржан на 18 ноември 2007 година, во населените места: Градско Балдовци, Добрејци, Дабиле и Просениково ………………….. | 2 |

---

170.

Согласно член 59 став 2 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (“Сл. весник на РМ” бр. 81/05), Општинската изборна комисија Струмица, објавува:

## Резултати од референдумот за самопридонес одржан на 18 ноември 2007 година, во населените места: Градско Балдовци, Добрејци, Дабиле и Просениково

Референдумот е спроведен согласно четирите одлуки за распишување на референдум за воведување на самопридонес за граѓаните од населените места Добрејци, Просениково, Дабиле и Градско Балдовци објавени во “Сл. гласник на општина Струмица” бр. 16 од 24.10.2007 година и тоа:

Одлука бр. 07-4763/1 од 18.10.2007 година, за населено место Добрејци,

Одлука бр. 07-4764/1 од 18.10.2007 година, за населено место Просениково,

Одлука бр. 07-4765/1 од 18.10.2007 година, за населено место Дабиле, и

Одлука бр. 07-4766/1 од 18.10.2007 година, за населено место Градско Балдовци,

а врз основа на одредбите од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (“Сл. весник на РМ” бр. 81/05).

Референдумот-2007 година, го спроведоа: Општинската изборна комисија – Струмица и Избирачките одбори формирани за избирачките места бр. 1760, 1765, 1766, 1770, 1771, 1772 и 1773.

Референдумот се спроведе поединечно за секое населено место со следните резултати:

Градско Балдовци:

Во избирачкиот список за населеното место Градско Балдовци за избирачко место 1760 се запишани 650 (шестотини и педесет) граѓани.

На рефендумот излегле на гласање 207 граѓани, од кои 203 граѓани гласале “ЗА”, 3 граѓани гласале “ПРОТИВ”, а едно гласачко ливче е неважечко.

Бројот на излезеност на гласачите на избирачкото место во проценти изнесува 31,55%, што е помалку од половината од вкупниот број на граѓани запишани во избирачкиот список и согласно член 41 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (“Сл. весник на РМ” бр. 81/05), Одлуката со референдумското прашање: “Дали сте за тоа граѓаните од населеното место Градско Балдовци , заедно со општина Струмица и тоа во однос 50% од населеното место Градско Балдовци и 50% Општина Струмица, обезбедат средства за изградба на секундарна водоводна мрежа во Градско Балдовци , при што граѓаните од Градско Балдовци да го обезбедат од секоја фамилија (куќа) износот од 10.500,оо денари, или на 12 еднакви месечни рати износ од по 875,оо денари, почнувајќи од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година” не е усвоена.

Добрејци:

Во избирачкиот список за населеното место Добрејци за избирачко место 1765 и 1766 се запишани вкупно 1511 (илјада петстотини и единаесет) граѓани.

На рефендумот излегле на гласање 544 граѓани, од кои 536 граѓани гласале “ЗА”, 8 граѓани гласале “ПРОТИВ”, а неважечки гласачки ливчиња немаше.

Бројот на излезеност на гласачите на избирачкото место во проценти изнесува 36,27, што е помалку од половината од вкупниот број на граѓани запишани во избирачкиот список и согласно член 41 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (“Сл. весник на РМ” бр. 81/05), Одлуката со референдумското прашање: “Дали сте за тоа граѓаните од населеното место Добрејци, заедно со општина Струмица и тоа во однос 50% од населеното место Добрејци и 50% Општина Струмица,

обезбедат средства за изградба на секундарна водоводна мрежа во Добрејци, при што граѓаните од Добрејци да го обезбедат од секоја фамилија (куќа) износот од 12.000,оо денари, или на 12 еднакви месечни рати износот од по 1.000,оо денари, почнувајќи од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година” не е усвоена.

Дабиле

Во избирачкиот список за населеното место Дабиле за избирачко место 1770 и 1771 се запишани вкупно 1651 (илјада шестотини педесет и еден) граѓани.

На рефендумот излегле на гласање 412 граѓани, од кои 406 граѓани гласале “ЗА”, 6 граѓани гласале “ПРОТИВ”, а неважечки гласачки ливчиња немаше.

Бројот на излезеност на гласачите на избирачките места во проценти изнесува 24,97% , што е помалку од половината од вкупниот број на граѓани запишани во избирачкиот список и согласно член 41 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (“Сл. весник на РМ” бр. 81/05), Одлуката со референдумското прашање: “Дали сте за тоа граѓаните од населеното место Дабиле, заедно со општина Струмица и тоа во однос 50% од населеното место Дабиле и 50% Општина Струмица, обезбедат средства за изградба на секундарна водоводна мрежа во Дабиле, при што граѓаните од Дабиле да го обезбедат од секоја фамилија (куќа) износот од 14.000,оо денари, или на 12 еднакви месечни рати износ од по 1.167,оо денари, почнувајќи од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година” не е усвоена.

Просениково:

Во избирачкиот список за населеното место Просениково за избирачко место 1772 и 1773 се запишани вкупно 1271 (илјада двеста седумдесет и еден) граѓани.

На рефендумот излегле на гласање 413 граѓани, од кои 412 граѓани гласале “ЗА”, против не гласал ниту еден граѓанин , а неважечки гласачки ливчиња имаше едно.

Бројот на излезеност на гласачите на избирачките места во проценти изнесува 32,88% , што е помалку од половината од вкупниот број на граѓани запишани во избирачкиот список и согласно член 41 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (“Сл. весник на РМ” бр. 81/05), Одлуката со референдумското прашање: “Дали сте за тоа граѓаните од населеното место Просениково, заедно со општина Струмица и тоа во однос 50% од населеното место Просениково и 50% Општина Струмица, обезбедат средства за изградба на секундарна водоводна мрежа во Просениково, при што граѓаните од Просениково да го обезбедат од секоја фамилија (куќа) износот од 12.500,оо денари, или на 12 еднакви месечни рати износ од по 1.042,оо денари, почнувајќи од јануари 2008 година, заклучно со декември 2008 година” не е усвоена.

Со оглед на тоа дека е завршена постапката и се истечени роковите за приговор, резултатите од референдумот се конечни.

Составен дел на овој извештај е и табеларниот преглед со резултатите од спроведеното гласање во четирите населени места.

Прилог: Табеларен преглед

Бр. 17/1 Општинска изборна комисија
27.11.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Васе Георгиев с.р.

Членови на Општинска изборна комисија:

1. Марија Котева с.р.
2. Мена Ушакова с.р.
3. Митко Димитриев с.р.
4. Елена Терзиева с.р.

……………………

Член 43 и 59 од Законот за рефендум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (Сл. весник на РМ" бр.81/05)

# Извештај

за резултатите од гласањето на Референдум-2007 година за воведување самопридонес за граѓаните од населеноте места - Градско Балдовци, Добрејци, Дабиле и Просениково

| место | Број на избирачко место | Вкупен број на граѓани запишани во избирачкиот список за избирачкото место | Вкупен број на граѓани кои гласале | Вкупен број на неупотребени гласачки ливчиња | Вкупен број на важечки гласачки ливчиња | Вкупен број на неважечки гласачки ливчиња | Вкупен број на гласови "за" | Вкупен број на гласови "против" | Резултат од референдумот во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| адско лдовци | 1760 | 650 | 207 | 443 | 206 | 1 | 203 | 3 | 31, 55% |
| брејци | 1765 | 828 | 277 | 551 | 277 | - | 272 | 5 | 36,27% |
| | 1766 | 683 | 267 | 416 | 267 | - | 264 | 3 | |
| бипе | 1770 | 783 | 199 | 584 | 199 | - | 194 | 5 | 24,97% |
| | 1771 | 868 | 213 | 655 | 213 | - | 212 | 1 | |
| осениково | 1772 | 716 | 210 | 506 | 209 | 1 | 209 | - | 32,88% |
| | 1773 | 555 | 203 | 352 | 203 | - | 203 | - | |

Општинска изборна комисија
Струмица
Претседател,
Васе Георгиев с.р.

Членови:

1. Митко Димитриев с.р.
2. Мена Ушакова с.р.
3. Марија Котева с.р.
4. Елена Терзиева с.р.